СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕН ВИД ИЛИ СЛУХ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ОРГАНИЗИРАНОСТ, ОПШТЕСТВЕНА ВКЛУЧЕНОСТ И СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

## ОРГАНИЗИРАНОСТ НА ЛИЦАТА СО ОШТЕТЕН ВИД ИЛИ СЛУХ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Граѓаните со оштетен вид и слух во Република Македонија се организирани во рамките на соодветните **национални инвалидски организации** - Националниот сојуз на слепите на Република Македонија и Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија.[1]

**Националниот сојуз на слепите на Република Македонија** е чадор-организација (сојуз на здруженија на граѓани) основана во 1946 година. Во неа членуваат 18 локални (општински и меѓуопштински) здруженија на слепи лица, со вкупно над 2500 членови. Како репрезентативна организација на слепите лица во Република Македонија, Националниот сојуз на слепите на Република Македонија е член на повеќе национални, регионални и меѓународни консултативни тела и здруженија на лица со посебни потреби и слепи лица: Националниот совет на инвалидски организации на Македонија, Балканскиот консултативен комитет, Европскиот сојуз на слепите и Светскиот сојуз на слепите.[2]

**Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија** е чадор организација во која членуваат 19 општински, меѓуопштински и градски здруженија на глуви и наглуви лица. Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија е основан на 28 март 1948 година во Скопје. Како репрезентативна организација на глувите и наглувите лица, Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија е член на Националниот совет на инвалидски организации на Македонија, Светската федерација на глувите и Меѓународниот комитет на спортови за глувите.[3]

[1] Посебниот правен статус на националните инвалидски организации е утврден со Законот за инвалидски организации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/2008, 59/2012 и 23/2013).

[2] Официјална интернетска страница на Националниот сојуз на слепите на Република Македонија: http://www.nssrm.org.mk/ (пристапено на 7.6.2019 година).

[3] Официјална интернетска страница на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија: http://www.deafmkd.org.mk/ (пристапено на 7.6.2018 година).

## ВКЛУЧЕНОСТ ВО ПОЛИТИКАТА И ОПШТЕСТВЕНА ВКЛУЧЕНОСТ

Во Република Македонија сеуште не постои систем на вклучување на слепите и глувите лица (како и, впрочем, на сите останати лица со посебни потреби) во политиката, во смисла на воспоставен систем на квоти или слични механизми за зајакнување на инклузивноста. Во однос на пошироката општествена вклученост, состојбата варира од сегмент до сегмент. Основен **стратешки документ** кој ги обединува мерките и активностите насочени кон подобрување на степенот на општествена вклученост на овие категории на граѓани (како дел од пошироката ранлива група - лица со посебни потреби) е **Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност (ревидирана) 2010-2018**.[4]

**ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ**

Како пример за мерка за подобрување на специфични аспекти на општествената вклученост на лицата со попречен вид или слух (како дел од пошироката категорија на лица со посебни потреби), би можеле да го истакнеме нивното вклучување на пазарот на трудот преку **Законот за вработување на инвалидни лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/2015 и 147/2015) со кој преку посебни услови за вработување е воспоставен систем за поттикнување на вработувањето на лицата со посебни потреби.

Како пример на специфична мерка насочена кон подобрување на општествената вклученост на лицата со оштетен слух, би можеле да го истакнеме **Законот за употреба на знаковниот јазик** („Службен весник на Република Македонија" бр. 105/2009, 150/2015 и 30/2016), со кој се регулира остварувањето на правото на глувите и наглувите лица за комумикација на знаковен јазик.

## СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

Лицата со оштетен вид или слух **не се категоризирани како посебна статистичка категорија** во рамките на јавно достапните национални статистики. Во однос на нивната бројност во Република Македонија, **постојат само парцијални статистики**, како што се податоците за членството на Националниот сојуз на слепите на Република Македонија и Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија, податоците од евиденцијата на невработени на на Агенцијата за вработување на Република Македонија, или податоците за бројот на ученици во специјалните основни и и средни училишта.

Според последните достапни податоци на Агенцијата за вработување на Република Македонија (состојба од 31.12.2016 година) во Република Македонија имало вкупно **89 невработени лица со пречки во видот** (од кои 29 жени) и **95 невработени лица со пречки во слухот** (од кои 39 жени).[5] Според податоците

[4] Достапна на официјалната интернетска страница на Министерството за труд и социјална политика: http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/FINALNA%20Revidirana%20Nacionalna%20Strategija.pdf (пристапено на 7.6.2018)

[5] Агенција за вработување на Република Македонија, *ПРЕГЛЕД на невработени инвалидни лица според видот на инвалидноста со состојба 31.12.2016 година*, достапен на официјалната интернетска страница на АВРМ:

на Државниот завод за статистика, во учебната 2016/2017 година во **специјалните основни училишта** во Република Македонија се школувале вкупно 32 ученици (од кои 15 ученички) со оштетен вид, како и вкупно 10 ученици (од кои 3 ученички) со оштетен слух и говор. Во истата учебна година, во **специјалните средни училишта** во Република Македонија се школувале вкупно 17 ученици (од кои 10 ученички) во паралелките за слепи и слабовидни лица, како и вкупно 35 ученици (од кои 12 ученички) во паралелките за глуви и наглуви лица.[6]

***Илија Милчевски, јуни 2018 година***

http://www.avrm.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/%D0%94%D0%B5%D0%BA%D0%B5%D0%BC%D0%B2%D1%80%D0%B8%202016/PIvidinvalidnost122016.pdf (пристапено на 8.6.2018 година).

[6] Државен завод за статистика на Република Македонија, *Основни и средни училишта на крајот на учебната година, 2016/2017*, достапно на официјалната интернетска страница на ДЗС: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.05.pdf (пристапено на 8.6.2018 година).